# ЗАКОН ЗА УПОТРЕБА НА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.26 од 27.04.1992 година**

### Член 1

До издавањето на книжни и ковани пари согласно со членот 1 од Законот за парична единица на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92), како законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија ќе се употребуваат вредносни бонови што ги издава Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка на Македонија).

### Член 2

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Народната банка на Македонија ја утврдува апоенската структура на вредносните бонови, нивната форма и основни белези, ги пушта во оптек вредносните бонови и ги повлекува од оптек книжните пари кои гласат на југословенски динари.

### Член 3

Книжните пари што гласат на југословенски динари се заменуваат со вредносните бонови во соднос 1:1, а замената ќе се изврши во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Книжните пари што гласат на југословенски динари престануваат да бидат законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија по истекот на 20,00 часот на третиот ден од став 1 на овој член.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член замената на книжните пари што гласат на југословенски динари за вредносни бонови ќе се врши според курсот што го утврдува Народната банка на Македонија.

### Член 4

Народната банка на Македонија во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон донесува одлука за повлекување од оптек на кованите пари што гласат на Југословенски динари.

До донесувањето на одлуката од ставот 1 на овој член кованите пари што гласат на југословенски динари во апоени 1, 2 и 5 динари се во оптек како законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија.

### Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон цените на сите производи и услуги се искажуваат во износи кои гласат на денари.

**Член 6**

Поштенските марки, судските и административните таксени марки и други вредносници, чековите, налозите за плаќање и другите инструменти на внатрешниот платен промет кои биле во промет до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат во употреба се додека не се издадат нови, при што нивната вредност изразена во југословенски динари е еднаква на вредноста изразена во паричната единица на Република Македонија.

**Член 7**

Износите наведени во прописите и општите акти, судските и управните акти, на обврзниците и другите хартии од вредност, мениците, во договорите и другите документи и извештаи, во пресметките и евиденциите, издадени или настанати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се сметаат како да се наведени во износите кои гласат во денари.

**Член 8**

Сите документи за побарувањата и обврските на домашните и странските лица, настанати по основ на стоковно - паричните, кредитните и депозитните односи кои гласат на југословенски динари, по истекот на рокот од член 3 став 2 на овој закон се искажуваат во износи кои гласат во денари.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон правните и физичките лица можат да располагаат со средствата на своите жиро - сметки до нивото на тие средства што ги имале на 31 март 1992 година.

За износот на средствата на жиро - сметките над износот што го имале на 31 март 1992 година правните и физичките лица поднесуваат извештај до Службата на општественото книговодство за потеклото на жиралните пари.

Во рок од три дена по добивањето на извештајот од ставот 2 на овој член Службата на општественото книговодство донесува решение за користење на средствата или блокада на истите ако постои оправдано сомнение дека потеклото на средствата на жиро - сметката е сомнително и покренува соодветна постапка.

**Член 10**

Во периодот на замената од член 3 став 1 на овој закон, продавниците, магацините, складиштата, претставништвата и други организации и претпријатија кои вршат трговска дејност на големо и мало нема да работат со странки, односно потрошувачи, освен трговијата на мало со прехранбени производи, тутун и со нафтени деривати.

**Член 11**

Народната банка на Македонија донесува упатство за спроведување на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".